Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. Сл.в на РМ бр: бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 , 51/11 , 123/12 , 93/13 , 187/13 , 42/14 , 44/15 129/15 , 192/15 , 39/16 и 99/18), **Општина Струмица,** на ден **25.10.2019 година**, донесе

## Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ **Детален урбанистички план за дел од Блок 2 УЕ 1, (согласно ГУП за град Струмица) КО Струмица** со техн. бр. 060-0312/2018 кој го донесува **Советот на Општина Струмица** согласно Програмата за изработување на урбанистички планови бр. 08-9136/1 од 09.1.2018 година, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина , согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на **Општина Струмица** на следната веб адреса/и: **www.strumica.gov.mk** .

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата , содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ документ **Детален урбанистички план за дел од Блок 2 УЕ 1, (согласно ГУП за град Струмица) КО Струмица** нема да има влијание врз животната средина од следните причини: Планот е предвиден и анализиран при донесувањето на ГУП на Општина Струмица и документ ДУП за дел од Блок 2 УЕ 1 , (согласно ГУП за град Струмица) КО Струмица. Влијанијата на планот беа разгледани при донесувањето на ГУП – от и ДУП-от, и беа дадени насоки за изработка на планот .
Влијанието врз населението и човековото здравје е минимално и занемарливо. Влијанието врз квалитетот на амбиенталниот воздух , влијанието врз квалитетот на површинските и подземните води , влијанието врз почвата , влијанието поврзано о управување со отпад се исто така минимални и занемарливи . Позитивни влијанија ќе има врз социо-економската состојба на населението преку вработување и економска благосостојба .

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до министерот за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА СТРУМИЦА**
Коста Јаневски